# Влада на Република Северна Македонија

Бр. 44-2282/4
Скопје, 19 март 2020 година

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

С К О П Ј Е

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Дваесет и третата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 19 март 2020 година**

„ТОЧКА 1: **Записник од Четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 19 март 2020 година**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 19 март 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Се забранува пристап на лица и возила во Парк шума „Водно“, секој ден, во период од 18.00 часот до 6:00 часот наредниот ден.

   За оваа цел, се задолжува Министерството за внатрешни работи, со патролни возила да го затвори пристапот кон Парк шума „Водно“.

2. Се забранува собирање во група на повеќе од пет лица, во паркови и на други јавни места и јавни површини.

   За оваа цел, се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија да ги разбиваат овие групи и да ги интензивираат теренските контроли.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

3. Се забранува одржување на наставата и спроведувањето на обуките и испитите во испитните центри од страна на школите за обука за возачи, за период од 14 дена.

   За оваа цел, се задолжува Министерството за внатрешни работи доколку е потребно ова правно да го нормира во Уредба со законска сила.

   Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

4. Се препорачува на сите работодавачи во Република Северна Македонија, односно секое раководно лице на институцијата, во зависност од типот на работата и можностите, да ја организира работата и начинот на работа на вработените лица, преку работа од дома, без да се наруши редовното и нормалното функционирање на институцијата.

   Исклучок од оваа мерка се вработените лица во Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици, Царинската управа, како и домовите за нега на стари лица и мали групни домови.

   Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија, на седниците на Владата и работните тела на Владата да разгледува само материјали поврзани со постоењето на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија.

5. Сите маркети, аптеки, банки и објекти кои даваат поштенски услуги, задолжително да обезбедат редарска служба при влез и во внатрешноста во овие објекти, со цел да се контролира влезот и бројот на лица во истите, така што ќе се обезбеди минимум потребното растојание од два метри помеѓу лицата пред и во објектите.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги интензивира контролите во приватните куќи и вили во кои се организираат забави и собири (во општина Сопиште и во населеното место Соње), со цел да се преземат мерки за спречување на ваквите собири, а кон сопственикот на објектот и присутните лица затечени во објектите да се преземат соодветни законски мерки заради непочитување на мерките и препораките на Владата.

7. Се задолжува Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство да оствари работна средба со здруженијата на сточари и Федерацијата на фармери, во врска со извозот на јагниња, како и утврдување на мерки што треба да се преземат во овој период."

Прилог:
- **Записник од Четвртиот состанок на ГККШ**

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: Ирма Манедвата
Проверил: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 19 март 2020 година

Архивски број: 08 - 780/4

44-2282/4

**ЗАПИСНИК**

**од Четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 19 март 2020 година**

На 19 март 2020 година (четврток), со почеток во 9.30 часот, во просториите на зградата на Владата на Република Северна Македонија, се одржа Третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На состанокот присуствуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS

На состанокот присуствуваше и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална бебзедност, Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања и Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

Од состанокот на Главниот координативен кризен штаб, отсуствуваа д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Ѓоко Танаскоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 се утврди следниот Дневниот ред:

Точка 1: Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19;

Точка 2: Прашања и предлози;

*

* *

По однос на точката 1 од Дневниот ред, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите и текот и прогресот на активностите на сите теренски екипи од сите надлежни институции, особено во подрачјата на кои постои кризна состојба.

Исто така, сите членови на Главниот координативен кризен штаб, секој од својата надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на заклучоците, мерките и препораките усвоени на Третиот состанок.

Министерот за здравство, д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица за дополнително преземени мерки и активности согласно задолженијата од состаноците на ова тело. Дополнително, тој информираше дека во текот на вчерашниот ден има 7 (седум) нови позитивни случаи.

Министерот за образование и наука, д-р Арбр Адеми, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица, за задолжението под реден број 9 од Вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб, одржан на 17 март 2020 година, односно дека е започнато со подготовка на план и начин на спроведување на онлајн настава за учениците во основните и средните училишта во Република Северна Македонија, како и за високо образовните установи во Република Северна Македонија.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи да изработат посебен протокол за организирање и спроведување на транзит на т.н. хуманитарни конвои од граничните премини во Република Северна Македонија (дали истото ќе го организраат и спроведат преку дневни конвои во одреден термин, пријавување на попатни пунктови на Министерството за внатрешни работи или на друг соодветен начин).**

2. Во однос на заклучокот бр.6 од Третиот состанок на Главниот координативен криузен штаб, одржан на 18 март 2020 година, во однос решавање на проблемот со дозволите и протокот на премин на граничните премини во Република Северна Македонија за македонските возачи на товарните моторни возила, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Наќе Чулев, министер за внатрешни работи да одржат координативна средба на која ќе го дефинираат начинот на операционализирање на заклучокот, односно собирање на податоците од возачите и пополнувањето на податоците во дозволите дадени од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

3. Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Северна Македонија, Агенцијата за национална безбедност и Бирото за јавна безбедност да направат план и модел за функционален систем на дејствување за време на периодот на постоење на вонредна состојба.

4. Агенцијата за национална безбедност да ги провери сите лица кои од Република Северна Македонија во последните 14 дена го посетиле зимскиот рекреативен центар – Банско во Република Бугарија и по добивање на листата од надлежните институции од Република Бугарија истата да се сподели со Државниот санитарен и здравствен инспекторат за сите овие лица да добијат решение за самоизолација.

5. Согласно задолжението под реден број 9 од Вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб, одржан на 17 март 2020 година, министерот за образование и наука, д-р Арбр Адеми, да подготви и во најкус можен рок до Владата да достави план и начин на спроведување на онлајн настава за учениците во основните и средните училишта во Република Северна Македонија, со распоред на часови со можност да се искористат сите канали за комуникација, како и план, начин и распоред на одржување на испитните сесии на високо образовните установи во Република Северна Македонија.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS

6. Сите министерства, во соработка со Секретаријатот за законодавство, веднаш да подготват пакет на итни и неопходни мерки од своја надлежност, кои се исклучиво во функција на справување со настанатата ситуација за која постои вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија и истите правно да ги нормираат во правен акт – уредба со законска сила и да ги достават во најкус можен рок до Владата на Република Северна Македонија на разгледување и донесување.

   За оваа цел, Секретаријатот за законодавство, веднаш да оствари комуникација со сите министерства и да достави урнек за подготовка на уредби со законска сила.

7. На наредната седница на Владата, Владата да заземе став, преку уредба со законска сила, да се уреди пролонгирање на сите материјални и процесни рокови од законите, или истите да се суспендираат.

8. Секретаријатот за европски прашања, во текот на денешниот ден, да достави писмо за намери до Кралството Норвешка, за искористување на средствата кои се ставени на располагање за потребите со справување со настанатата ситуација за која постои вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија.

   За оваа цел, Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Венко Филипче, министер за здравство, во најкус можен рок да одржат координативен состанок со цел утврдување на листа на конкретни добра, стоки и услуги кои се во функција на справување со настанатата ситуација за која постои вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија, која потоа Секретаријатот за европски прашања ќе ја достави до билатерални и мултилатерални донатори.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

9. Да се прифати донацијата од Казино Фламинго, во количина од 2000 кг свежо овошје и 2000 парчиња јајца и преку Регионалниот кризен штаб за управување со кризи да се координира дотурот и диструбицијата на овие количини за населението во подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа.

10. Министерството за здравство да донесе соодветен правен акт со кој ќе се одложат сите систематски здравствени прегледи кои работодавачите ги спроведуваат и организираат за работниците.

11. Управата за јавни приходи да ги стави на располагање сите свои капацитети и ресурси на Државниот пазарен инспекторат, со цел подготовка на функционален план за вршење на заеднички координирани терснски контроли.

12. Агенцијата за храна и ветеринарство веднаш да спроведе вонредни контроли во трговијата, особено на трговците со храна, на пазарите, во маркетите, големите трговски ланци и слично (дали се почитуваат правилата за трговија и ракување со храна особено во услови на криза и вонредна состојба, дали стоката се продава со поминат рок, дали вработените постапуваат согласно стандардите, дали се почитуваат дадените мерки и препораки за заштита од Коронавирус COVID-19), како и други аспекти од надлежност на Агенцијата.

*

* *

<u>По однос на точката 2 од Дневниот ред,</u> немаше прашања, ниту предлози.

*

* *



Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3123 371 www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

На седницата е воден записник.

**ПРЕТЕСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**



Канцеларија на Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS